Акционерско друштво за осигурување
ГРАВЕ
Бр. 2022-0201-536/3
29.06 2022 год.
СКОПЈЕ

# ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ЖИВОТ ЗА СЛУЧАЈ НА СМРТ

**ЛВР 2006**

За ова осигурување важат Општите услови за осигурување на лица АБП 2006


Член 1. Општи одредби
Член 2. Почеток на осигурително покритие
Член 3. Премија на осигурување
Член 4. Последици од нередовно плаќање на премија
Член 5. Осигурување ослободено од плаќање на премија (капитализација)
Член 6. Право на договарачот на осигурувањето на отказ; Откуп
Член 7. Кршење на обврска од пријава
Член 8. Покритие за посебни штетни настани
Член 9. Самоубиство
Член 10.Исклучување на обврски на ГРАВЕ
Член 11.Пријава на осигурителен случај
Член 12.Место на извршување
Член 13.Право на избор на рента
Член 14.Промена на живеалиште на договарачот на осигурувањето
Член 15.Право на трети лица
Член 16.Трошоци за осигурување
Член 17.Губење на полиса
Член 18.Тужба, судска надлежност, застареност
Член 19.Удел во добивка
Член 20.Промена на условите на осигурувањето
Член 21.Заштита на потрошувачи
Член 22.Доверливост на информациите
Член 23.Вонсудско решавање на спорови
Член 24.Заштита на лични податоци
Член 25.Застареност
Член 26.Надзор над друштвото за осигурување
Член 27.Изјава за информираност
Член 28.Завршни одредби


**Член 1.**

**Општи одредби**

Лице кое сака да склучи полиса за осигурување на живот треба до ГРАВЕ да поднесе понуда, во која точно и во целост ќе ги наведе сите околности кои се битни за оценка на опасностите од штетен случај кои ГРАВЕ ги превзема во осигурувањето (види чл.8. од одвие услови). Додатни спогодби важат само во случај да се договорени со ГРАВЕ во пишана форма. Ако во периодот од поднесувањето до прифаќањето на понудата опасноста од штетен случај се зголеми, договарачот на осигурувањето е должен веднаш штом дознае за

промената, истата ја пријави на ГРАВЕ. Како зголемувањето на опасноста од штетен случај посебно се смета значителното влошување на здравствената сосотјба или повреда на лицето кое се осигурува.

Договарач на осигурувањето е лице кое до ГРАВЕ поднело понуда за осигурување. Осигуреник е лице чиј живот се осигурува. Ако договарачот и осигуреникот се две лица, во тој случај понудата мора да ја потпише и осигуреникот.

ГРАВЕ има право да ја одбие понудата во рок од 8 дена од денот на приемот на истата (за осигурувањето на живот со лекарски преглед овој рок изнесува 30 дена). Ако ГРАВЕ во наведениот рок не ја одбие понудата, а која понуда не отстапува од Општите услови за осигурување, договорот се смета за склучен од денот кога понудата е примена во ГРАВЕ. Целокупната документација која се предава со понудата останува во сопственост на ГРАВЕ.

ГРАВЕ издава полиса за склучен договор за осигурување. Понудата се смета за составен дел на договорот за осигурување.

Доколку со овие одредби не е поинаку договорено, важат законските одредби.

Според одредбите на овие услови можат да се осигураат само потполно здрави лица со навршени 15 до навршени 65 години живот. Лица помлади од 15 години, како и лица на кои 100% им е одземена работната способност, не можат да се осигураат.

**Член 2.**

**Почеток на осигурително покритие**

Осигурителното покритие започнува од денот на доспевањето на понудата за осигурување во ГРАВЕ, но не пред денот кој е наведен во понудата како почеток на осигурување.

Договарачот на осигурувањето е должен да ја плати првата премија, трошоците за издавање на полисата, и други евентуални трошоци веднаш по прифаќањето на неговата понуда, а најкасно по доставувањето на полисата. По извршената уплата, но не пред доспеаноста на понудата во ГРАВЕ и почетокот на осигурувањето наведено во полисата, започнува гаранцијата по договрената полиса. ГРАВЕ нема никакви обврски кон лицето кое починало пред почетокот на осигурувањето, ниту према евентуалниот договарач на таквото осигурување.

Ако првата премија, трошоците за изработка на полисата и останатите трошоци не бидат платени во определениот рок, ГРАВЕ поставува дополнителен рок за плаќање во траење од 30 дена. Ако ни во тој рок премијата не биде платена, договрот се смета за раскинат.

**Член 3.**

**Премија за осигурување**

Висината на премијата се утврдува според тарифите на ГРАВЕ. При тоа се зема во обѕир пристапната старост на осигуреникот, која се одредува на основа на разликите помеѓу календарската година во која започнува осигурувањето и годината на раѓање на осигуреникот.

Ако пристапната старост на осигуреникот е поголема од онаа која ја навел, а неговата реална старост не ја преминува старосната граница до која ГРАВЕ склучува договори за осигурување на живот (65 год.), договорот е полноважан, а осигрениот износ се намалува сразмерно договорената премија и премијата која е предвидена за осигурување на животот на реалните години на осигуреникот. Ако осигуреникот е помлад од она што го навел при склучувањето на договорот, премијата се намалува до износот кој одговара, а ГРАВЕ е должан да ја врати разликата помеѓу примената премија и премијата на која има право.

ГРАВЕ има право да бара зголемување на премијата или други посебни услови кај осигурувањата на оние лица кои се изложени на зголемена смртна опасност.

Секоја наредна годишна премија треба да се плати најкасно во рок од 30 дена, а при плаќање на рати во рок од 8 дена од денот на доспеаноста. Премијата или ратата договарачот на свој трошок ја доставува по пошта или на банкарската сметка на ГРАВЕ. Поштенската или банкарската дознака се смета за примена во рок од 24 часа од датумот на потврдената уплата од страна на поштата или банката. Секое задоцнување со плаќање без претходна дозвола не е обврзувачка за ГРАВЕ. Договарачот на осигурувањето е должен да ја плати премијата, а ГРАВЕ да ја прифати уплатата од секое лице кое има правен интерес да договорот за осигурување биде склучен.

**Член 4.**

**Последици од нередовно плаќање на премија**

Ако доспеаната премија, затезната камата и трошоците не бидат платени на време, ГРАВЕ има право да бара од договарачот на осигурувањето во дополнителен рок од 30 дена да го плати неплатениот износ, затезната камата, трошоците за опомената и поштарината и писмено да го предупреди на правните последици од таквото однесување.

Ако договарачот на осигурувањето и по истекот на дополнителниот рок не го плати долгот, во тој случај следува:

1) Ако доспеаната премија не биде платена до крајот на месецот во кој е помината десетина од договорениот рок за плаќања на премијата, или ако е склучено осигурување над 30 години, а премијата за три години сеуште не е уплатена, тогаш ГРАВЕ при осигурителен случај нема обврски, а има право да го раскине договорот. ГРАВЕ, во секој случај, има право да бара плаќање на долгот, вклучувајќи ги и ратите кои доспеале поради опомените во тековната осигурителна година. Најголемиот износ кој ГРАВЕ може да го бара е едногодишна премија со камата и трошоци.

2) Без оглед на тоа дали е платена премија до крајот на месецот во кој е помината десетина од договрениот рок за плаќање, или пак премија за период од најмалку три години, ГРАВЕ има право да го раскине договорот за осигурување. Со раскинувањето на осигурувањето согласно чл.5. од овие услови, осигурувањето се преиначува во осигурување ослободено од плаќања на премија (капитализација). Ако осигуреникот почине пред договорот да биде раскинат, а премијата не биде платена, ГРАВЕ ја исплаќа само онаа осигурана сума која важи во случај на отказ на денот на смртта.

Раскинувањето на договорот може да се условува со додатни отказни рокови.

Раскинатиот договор се смета за неважечи, ако договарачот на осигурувањето во рок од 30 дена од приемот на писмениот отказ и додатниот рок од 30 дена, на ГРАВЕ му ги плати сите заостанати износи, камати и трошоци, а притоа осигуреникот да не е починат. Неплатените рати можат да се платат под исти услови и по истекот на наведениот рок, но најкасно во рок од шест месеци од првата доспеана рата.

**Член 5.**

**Осигурување ослободено од плаќање на премија (капитализација)**

Кај осигурувањето на живот само за случај на смрт не е можна капитализација.

**Член 6.**

**Право на договарачот на осигурувањето на отказ; Откуп**

Кај осигурувањето на живот само за случај на смрт не е можен откуп.

**Член 7.**

**Кршење на обврските од пријавата**

Ако договарачот на осигурувањето или осигуреникот при склучување, преиначување и реактивирање на осигурувањето премолчи или неточно наведе некоја за него позната околност која е битна за оценка на опасноста од штетен случај, тогаш ГРАВЕ, во рок од три месеца од денот на дознавањето за кршењето на оваа обврската, има право да го раскине договорот за осигурување. Во случај на недоразбирање меродавни се доказите кои ГРАВЕ писмено ги собрал.

Ако ГРАВЕ не биде точно информиран за сомнителните околности, има право да го раскине договорот ако се докаже или е очигледно дека намерно е премолчено.

ГРАВЕ не може да го раскине договорот:

1) ако пермолчените околности и биле познати на ГРАВЕ (дознавањето од посредник на осигурување не се смета за дознавање и на ГРАВЕ);

2) ако договарачот на осигурувањето не ја сноси вината;

3) ако од склучувањето, преиначувањето или реактивирањето на осигурувањето изминала една година.

Оној кој ќе побара отказ на договорот мора со докази да ги оспори горе наведените околности.

ГРАВЕ има право да го оспори договорот за осигурување поради злонамерна пријава.

При отказ или оспорување на договорот за осигурување право на надомест не постои. Во ваков случај ГРАВЕ има право да бара премија само до крајот на осигурителната година во која дознал за кршење на обврските по пријавата или причините за оспорување.

Ако покритието по горе наведените одредби е исклучено, во случај на смрт од предвидениот надомест ќе се исплати само математичката резерва (резерва за покритие). Кај осигурувањата за случај на смрт со договорен рок до десет години, ГРАВЕ нема обврска да исплати надоместок од осигурувањето.

## Член 8.

## Покривање на посебен штетен настан

### Војни, немири, востанија

ГРАВЕ нема обврска да ја исплати осигурената сума ако смртта на осигуреникот настапила поради негово непосредно учество во:

1) војна или слични настани,

2) немири, востанија или нереди,

3) сузбивање или гушење на немири, востанија или нереди, со исклучок при вршење на професионална должност во земјата.

### Смрттна казна

ГРАВЕ нема обврска да ја исплати осигурената сума ако на осигуреното лице поради извршено кривично дело му биде извршена смрттна казна.

### Ризик од летање

ГРАВЕ има обврска да ја надомести штетата ако осигуреникот во својство на патник загине при летења со цивилен авион (моторен авион, едрилица) или со воен авион во кој се превезуваат патници, под услов да таквиот авион со членовите на екипажот е регистриран за вршење на таа дејност. Доколку осигуреникот загине при некој друг лет или во некое друго својство, ГРАВЕ ќе ја надомести штетата доколку истото претходно е договорено како посебни услови на осигурување.

### Натпреварување

Ако осигуреникот загине на трка со возило на копно, вода, на авионски натпревар или на тренинг за таков натпревар, ГРАВЕ ќе ја надомести штетата доколку истото е претходно договорено како посебни услови на осигурување.

### Спорт

ГРАВЕ ја надоместува штетата на основа на посебни услови на осигурувања ако смртта на осигуреникот настапила при бавење со опасни видови на спорт (нпр. ронење).

### Занимање и патување

Со исклучок на одредбите од ст.3, 4 и 5 за договори подолги од една година во текот на траењето на осигурувањето, ГРАВЕ е должен да ја надомести штетата од сите штетни случувања кои би се случиле при промена на струка или занимање и патување на осигуреникот, како и траен или привремен престој во било кој дел на светот. Покритието за можни штетни случувања при подолг престој во климатски неповолни подрачја, патувања во политички несигурни подрачја, односно учествување на научни или други експедиции, подлежи на посебни услови на осигурување.

Ако покритие по основ на погоре наведените одредби не постои, во тој случај наместо договорената осигурителна сума за случај на смрт, ќе се надомести само математичката резерва (резерва за покритие). Ако математичката резерва е повисока од договорениот надомест за случај на смрт, тогаш се исплаќа само надоместокот.

## Член 9.

**Самоубиство**

Ако осигуреникот изврши самоубиство, ГРАВЕ нема обврска да го исплати осигурителниот надоместок, освен ако договорот за осигурување во моментот на самоубиството бил на сила повеќе од една година.

Ако покритието е исклучено по одредбите од ст.1, тогаш наместо осигурената сума ќе се исплати само математичката резерва која отпаѓа на осигурувањето (резерва за покритие).

## Член 10.

## Исклучување на обврските на ГРАВЕ

Ако е склучено осигурување во случај на смрт на некое третог лица, ГРАВЕ нема обврска да ја надомести штетата ако се утврди дека договарачот на осигурувањето со противзаконски дејствија намерно ја предизвикал смртта на тоа лице.

Ако во договорот за осигурување во лучај на смрт е наведено некое трето лице како корисник на осигурувањето, тоа лице нема право на надомест ако се утврди дека со противзаконски дејствија намерно ја предизвикал смртта на осигуреникот.

## Член 11.

## Пријава на осигурителен случај

При поднесување на барање за исплата на надоместок, до ГРАВЕ е потребно да се доставaт следниве документи:

1) полиса за осигурување и потврда за платена последна премија,

2) извод од матична книга на родени за осигуреникот.

Во случај на смрт на осигуреникот, чија смрт треба веднаш да се пријави во ГРАВЕ, потребно е освен погоре наведените документи да се достават и следниве:

1) Извод од матична книга на умрени

2) опширно лекарско уверение од матичниот лекар на починатиот, а ако починатиот не бил лечен, тогаш лекарско уверение. Во уверението задолжително треба да биде наведено: причина за смртта, почетокот и текот на болеста која ја предизвикала смртта и поблиски околности под кои настапила смртта.

ГРАВЕ го задржува правото да бара и други потребни докази или сам да покрене постапка за утврдување на вистинитоста на штетниот случај. Постапката може да се однесува само за времето пред поднесувањето на понудата, во првите три години по поднесувањето на понудата и една година пред настапувањето на смртта. ГРАВЕ може да бара сите потребни докази и признаници за примање на надоместокот да бидат заверени. Трошоците кои ќе настанат на основа на овие одредби ги сноси оној кој до ГРАВЕ доставил барање за надомест. Трошоците кои ќе настанат при истрагата и собирањето на доказниот материјал, а кои не се неопходни за разјаснување на почетокот и текот на смртоносната болест, како и околностите под кои смртта настапила, ги сноси ГРАВЕ.

## Член 12.

## Место на извршување

Место на извршување на договорот за странките е седиштето на ГРАВЕ.

ГРАВЕ својот надоместок го доставува на овластениот корисник на негово барање и трошок. ГРАВЕ самиот го одредува начинот на доставата.

На доспеаната осигурена сума се пресметува камата по 14. ден, откако ГРАВЕ ќе ја добие целосната документација наведена во чл.12, став 1. и 2.

## Член 13.

## Право на избор на рента

Корисникот на осигурувањето може пред исплатата на осигурената суме да одлучи ГРАВЕ наместо доспеаната осигурена сума да му исплати рента. Секој корисник по доспевањето на осигурената сума може да располага со ова свое право, но само под услов да осигурената сума сеуште не е исплатена. Висината на

рентата се одредува според важечките тарифи на ГРАВЕ во моментот на доспевањето, при што е меродавна староста на корисникот на денот на осигурувањето. Правото на избор на рента не важи при откажувањето од осигурување (чл.4 и 6 од овие услови на осигурување).

### Член 14.

### Промена на престојувалиштето на договарачот на осигурувањето

Ако договарачот на осигурувањето го промени своето место на престојување, а за тоа не го извести ГРАВЕ, во тој случај ГРАВЕ има право да сите известувања ги праќа по пошта со препорачана пратка на последната позната адреса на договарачот на осигурувањето. Све одредбе тако послатог обавештења сматрају се као да је уговарач осигурања примио обавештење на тој адреси.

Ако договарачот на осигурувањето се пресели надвор од Европа, должен е да именува свој ополномоштен застапник во државата. Се додека договарачот на осигурувањето тоа не го стори, ГРАВЕ согласно ст.1 му ги испраќа известувањата на последната позната адреса, со што се смета дека иститие се уредно примени.

Сите изјави кои при склучувањето на договорот или после тоа му се доставуваат ГРАВЕ ќе се сметаат за уредни само ако се доставени во писмена форма.

### Член 15.

### Право на трети лица

Ако договарачот на осигиривањето овласти некое трето лице за корисник, или ако правото на користење гласи на доносител, во тој случај тоа лице, ако друго не е договрено, има право на надомест при настапување на осигурителен случај. До тогаш договарачот на осигурувањето има право да располага со осигурувањето и може да го отповика или да го менува корисникот. Договарачот на осигурувањето одлучува дали ополномоштениот корисник веднаш има право на надомест. Во тој случај отповикување или преиначување е можно само по одобрение од ополномоштениот корисник.

Правото на надомест може да се заложи или отстапи на трето лице само ако дотогашното право на користење по писмен пат е пријавено во ГРАВЕ. Доколку се работи за отстапено право доволно е да до дирекцијата на ГРАВЕ се достави документот за отстапување.

ГРАВЕ има право да го откаже или оспори договорот за осигурување и на другите корисници.

Ако е договарачот на осигурувањето во стечај или ако неговото право на надомест е заложено, тогаш именуваниот корисник или ако го нема, брачниот другар и децата на договарачот на осигурувањето со негово одобрение на ГРАВЕ му пријавуваат дека се спремни наместо договарачот на осигурувањето тие да ги превземат обврските од договорот за осигурување. Во тој случај побарувањето на доверителот се плаќа до висината на откупната вредност. Пријавата треба да се достави во рок од 30 дена откога лицето кое ја превземало обврската од договорот за осигурување дознало за пленидбата или за покренувањето на стечајната постапка.

### Член 16.

### Трошоци за осигурување

Сите трошоци во врска со договорот за осигурување се  плаќаат на ГРАВЕ.

ГРАВЕ исто така има право да наплати и однапред да бара не само надомест за поштарина и трошоци за изработка, туку и трошоци за посебни услуги, како на пример дополнителен упис и промена на податоците на корисницитЕ, упис за отстапување и измена на содржината на полисата, издавање на дупликат полиса, итн. За препис се наплаќа вообичаената цена во местото на живеење.

### Член 17.

### Губење на полиса

ГРАВЕ ќе ја замени исчезнатата полиса со дупликат и тоа по добивањето на правосилна судска одлука со која исчезнатата оригинална полиса е прогласена за неважечка.

Трошоците за издавање на дупликат ги сноси подносителот на барањето, кој е должен да ги плати однапред.

## Член 18.

## Тужба, судска надлежност, застарување

Доколку ГРАВЕ одбие да исполни некоја обврска, корисникот е должен во рок од шест месеци да поднесе тужба пред надлежниот суд. Рокот започнува да тече од денот кога ГРАВЕ писмено го известил корисникот дека одбива да ја исполни обврската, укажувајќи притоа на правните последици од непридржување на рокот.

Во случај на спор, месно надлежен е судот кој се наоѓа во местото на седиштето на ГРАВЕ.

Рокот на застареност за поднесување на барање по договорот за осигурување изнесува пет години. Застарувањето се смета дека настапило по истекот на годината во која било можно да се бара надоместок.

## Член 19.

## Удел во добивката

За осигурување во случај на смрт уделот во добивката не важи.

## Член 20.

## Промена на условите на осигурување

Правата и обврските од овој договор може да се изменат ако се изменат важечките тарифи или услови на осигурување согласно Закон или по службена одлука. Во тој случај ГРАВЕ има право да бара враќање на веќе издадените полиси и нивна замена со нови.

Одредбите за утврдување за ослободување од плаќање на премија (чл.5) за откуп (чл.6), трошоци (чл.16) и удели во добивката (чл.19) може да се изменат и кај веќе постоечките осигурувања.

## Член 21

## Заштита на потрошувачи

Во случај кога договорувачот, осигуреникот, односно корисникот на осигурувањето смета дека осигурувачот не се придржува кон одредбите од договорот за осигурување, истиот може да достави претставка со цел вонсудско решавање на настанатиот спор до:

- Соодветна организациона единица надлежна за решавање на спорови меѓу договорни страни во рамките на друштвото за осигурување;
- Служба за внатрешна ревизија во друштвото за осигурување;
- Организација за заштита на потрошувачи, и
- Агенција за супервизија на осигурување

Заемната согласност помеѓу осигурувачот и подносителот на претставката постигната во вонсудска постапката ќе биде во форма на меѓусебна спогодба.

## Член 22

## Доверливост на информациите

Осигурувачот е должен да го почитува принципот на доверливост на информациите кои се достапни во процесот на постапување со претставките

## Член 23

## Вонсудско решавање на спорови

Страните се согласни дека сите спорови што ќе произлезат од Договорот за осигурување, ќе се обидат да ги решаваат вонсудски на мирен начин.

Договорувачот и осигуреникот, како и други лица на кои се однесува осигурувањето, се обврзуваат дека неодложно во писмена форма ќе го известат осигурувачот за сите спорни прашања, приговори и недоразбирања кои се однесуваат на Договорот за осигурување живот.

Приговорите од став 2 на овој член осигурувачот ќе ги проследи до Комисија за решавање на претставки на друштвото, која е должна во однос на истите да одлучи и писмено да се произнесе во рок од 30 (триесет) дена од приемот на приговорот.

Во случаите кога договорувачот, осигуреникот и корисникот на осигурувањето сметаат дека осигурувачот не се придржува кон одредбите од договорот за осигурување, можат да поднесат претставка до органот надлежен за вршење на надзор на осигурувачот - Агенција за супервизија на осигурување. Исто така, овие лица можат до Агенцијата за супервизија на осигурување да поднесат приговор, односно жалба во писмена форма против целокупното работење на Друштвото за осигурување.

**Член 24**

**Заштита на лични податоци**

Договарачот на осигурувањето – физичко лице, односно осигуреникот, му дозволува на осигурувачот согласно прописите што го регулираат осигурувањето, правата на потрошувачите и заштитата на личните податоци, да ги обработува неговите лични податоци од Договорот за осигурување во земјата и во странство. Осигуреникот му дозволува на осигурувачот за потребите за спроведување на договорот за осигурување да собира и обработува податоци за неговата здравствена состојба во земјата и во странство, вклучувајќи со тоа и овластените лица на осигурувачот да ја обработуваат здравствената документација на осигуреникот, да ги доставуваат податоците до осигурувачот, како и да вршат проверка на точноста и промените на личните податоци во здравствените установи и кај други правни и физички лица кои располагаат со тие податоци.

Договарачот на осигурувањето – физичко лице, односно осигуреникот, му дозволува на осигурувачот и на неговиот договорен обработувач на личните податоци, во согласност со прописите што ја регулираат заштитата на личните податоци, да ги користи личните податоци од првиот став на овој член само за потребите за спроведување на договорот за осигурување. Договарачот на осигурувањето само со давање на изречна согласност може да му дозволи на осигурувачот согласно со прописите што ја регулираат заштитата на личните податоци, да ги користи личните податоци од првиот став на овој член, освен податоците за здравствената состојба, во цели за обработка и непосреден маркетинг за себе и поврзани друштва во земјата и во странство.
Договарачот на осигурувањето - физичкото лице, може да побара информација за обработката на неговите лични податоци, целите и правната основа на обработката на личните податоци на веб-страницата на осигурувачот.

Договарачот на осигурувањето – физичко лице, односно осигуреникот, може дозволата од претходниот став на овој член во секој момент бесплатно, трајно или привремено да ја отповика со писмено барање, пратено на адреса на осигурувачот.
Личните податоци од став 1 и 2 од овој член, освен податоците за здравствената состојба, можат да ги обработуваат и овластени лица за застапување и посредување, како и договорните обработувачи на лични податоци.
Осигурувачот ги чува личните податоци во согласност со прописите за заштита на личните податоци и интерните акти за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци.

**Член 25**

**Застареност**

Побарувањата од договорот за осигурување живот застаруваат во согласност со одредбите од Законот за облигациони односи.

**Член 26**

**Надзор над друштвото за осигурување**

Надзорно тело надлежно за надзор на осигурителното друштво е Агенцијата за супервизија на осигурување.

**Член 27**

**Изјава за информираност**

Договарачот на осигурувањето/осигуреникот со потписот на понудата изречно потврдуваат дека при склучувањето на договорот за осигурување, од страна на осигурувачот писмено се известени за сите податоци согласно членовите од Законот за супервизија во осигурувањето и дека пред склучувањето на осигурувањето им е оставено разумно време за донесување на конечна одлука за склучување на Договорот за осигурување. Согласно ова, договарачот/осигуреникот со потписот на понудата потврдуваат дека се известени и за правото за поднесување на претставка.

**Член 28**

**Завршни одредби**

Во случај на спор за пресудување е надлежен стварно и месно надлежниот суд на Република Северна Македонија во седиштето на осигурувачот.

За односите меѓу осигурувачот и договарачот кои не се уредени со овие Општи услови, се применуваат законските одредби.

Осигурувачот ќе го извести договарачот за сите промени во согласност со законските прописи.
Договарачот е должен без одлагање да го извести осигурувачот за секоја промена на своето име или презиме, односно назив на фирмата, доколку договарачот е правно лице, како и за адресата на фактичкото живеалиште, односно седиште на фирмата, доколку договарачот е правно лице.
Овие услови влегуваат во сила и ќе се применуваат од 01.07.2022 година.